**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# И З В Е Ш Т А Ј

# ЗА ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИ ИСТРАЖНИ МЕРКИ
# ВО 2024 ГОДИНА

Скопје, мај 2025 година

**С О Д Р Ж И Н А**

**1. ВОВЕД..............................................................................................3**

**2. ПОИМ И ВИДОВИ МЕРКИ.........................................................4**

**3. СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД.........................................................6**

3.1 Преглед на примена на посебните истражни мерки по вид и по кривично дело **..........................................................................7**

**4. ЗАКЛУЧОК.........................................................................16**

# I. **В О В Е Д**

Современите облици на криминалот, а особено тешкиот и организираниот криминал не може да се откријат и за нив да се обезбедат докази без примена на посебни истражни мерки. Посебните истражни мерки се силен и адекватен одговор за спротивставување и пресретнување на различните облици на организиран криминал, корупција, тероризам и другите тешки облици на криминал.

Правото и должноста на јавниот обвинител предлага или да издава наредба за преземање на посебни истражни мерки е предвидено во членот 39 од Законот за кривичната постапка. Условите и начинот за преземање на посебни истражни мерки исто така се законски регулирани. Тие се определуваат само за потешки кривични дела и тогаш кога е веројатно дека со другите доказни средства нема да биде возможно и доволно ефикасно обезбедување податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка.

Меѓутоа примената на вакви мерки претставува и упад во личните права и слободи на поединецот, па неопходно е да се постигне своевиден баланс помеѓу интересот на ефикасниот кривичен прогон и почитувањето на основните човекови права и слободи.

Започнувањето на примената на посебните истражни мерки е од исклучително значење во борбата со организираниот криминал.

Посебните истражни мерки, по својата природа, претставуваат смислено нарушување на одредени човекови слободи и права загарантирани со Уставот и меѓународните документи, а заради остварување на повисоки цели - заштита на општеството и граѓаните од тешки форми на криминал, ефикасна и успешна борба против истиот. Со посебните истражни мерки на органите надлежни за кривичниот прогон значително им се намалуваат потешкотиите при откривањето и гонењето

особено на организираниот и тешкиот криминал, а во исто време им се овозможува поактивна улога уште во претходната постапка.

Согласно чл.271 од Законот за кривичната постапка, Јавниот обвинител на Република Северна Македонија има обврска еднаш годишно да достави извештај до Собранието на Република Северна Македонија, за посебните истражни мерки што се побарани во п р е т х о д н а т а к а л е н д а р с к а г о д и н а .

Преку бројот на постапките и издадените наредби за примена, бројот на набљудувани објекти и лица, кривичните дела за кои биле применети овие мерки, времетраењето на секоја мерка одделно и останатите податоци, во извештајот пред вас се изложени резултатите кои произлегле од примената на поебните истражни мерки, а кои се релевантни за постапката. Овој изештај статистички на годишно ниво ја прикажува динамиката на примената на посебните истражни мерки и со тоа овозможува отчетност на институциите надлежни за кривичен прогон.

## II. ПОИМ И ВИДОВИ МЕРКИ

Примената на посебните истражни мерки е прецизно регулирана во Законот за кривичната постапка како и во другите закони (Закон за следење на комуникациите) и предвидена само во строго определени случаи кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, а кои на друг начин не можат да се соберат.

Дополнително, оперативната примена на ваквите мерки подетално е разработена и реглирана и со подзаконски акти – задолжителни упатства.

Посебните истражни мерки, нивниот вид и начин на реализација се утврдени со чл.252 од ЗКП:

- следење и снимање на телефонски и другите електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон од член 252 ст.1 т.1;

- следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации од член 252 ст.1 т.2;
- тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен од член 252 ст.1 т.3;
- таен увид и пребарување во компјутерски систем од член 252 ст.1 т.4;
- автоматско, или на друг начин пребарување и споредување на личните податоци од чл.252 ст.1 т. 5;
- увид во остварени телефонски и други електронски комуникации од член 252 ст.1 т.6;
- симулиран откуп на предмети од член 252 ст.1 т.7;
- симулирано давање и примање поткуп од член 252 ст.1 т.8;
- контролирана испорака и превоз на лица и предмети од член 252 ст.1 т.9;
- користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи од член 252 ст.1 т.10;
- отворање симулирана банкарска сметка од член 252 ст.1 т.11;
- симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци од член 252 ст.1 т.12.

Со цел поефикасно откривање на кривичните дела и сторителите во одредени предмети се користи и комбинација од повеќе разични посебни истражни мерки истовремено. Исто така, во рамките на еден предмет, можно е со посебни истражни мерки да бидат опфатени повеќе лица.

## III. СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД

Во основните јавни обвинителства во Република Северна Македонија во текот на 2024 година применети се посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП во вкупно 35 случаи, против вкупно 363 лица со утврден идентитет, 8 лица со неутврден идентитет и 163 предмети на кривично дело.

За споредба, во 2023 година во сите основни јавни обвинителства применети се посебни истражни мерки од чл.252 од ЗКП во вкупно 87 случаи против 416 лица со утврден идентитет, и 93 предмети на кривично дело.

Доколку се изврши анализа на бројот на спроведени посебни истражни мерки во текот на 2024 година, со бројот на спроведени посебни истражни мерки во текот на 2023 година, може да се констатира дека во текот на 2024 година постои значително намалување на бројот на случаи во кои биле користени посебни истражни мерки, и тоа од 87 случаи на 35 случаи што значи намалување за 60%. Меѓутоа, кај бројот на лица со утврден идентитет против кои се применети мерките бројот е намален само за околу 11% - од 416 лица во 2023 година на 363 лица со утврден идентитет и 8 лица со неутвреден идентитет во 2024 година, што покажува дека опфатот на мерките и натаму бил значителен. Кај бројот на предмети врз кои се применувале посебни истражни мерки постои значително зголемување од 93 предмети на кривично дело во 2023 година на 163 предмети на кривично дело во 2024 година или зголемување за дури 75%.

Треба да се напомене дека вкупниот статистички преглед на број на случаи и бројот на лица со утврден и со неутврден идентитет спрема кои се спроведени посебни истражни мерки не претставува прост збир на поединечните бројки кои ќе бидат изложени во прегледот на примената на посебните истражни мерки по вид и по кривично дело. Ваквата состојба е резултат на фактот дека најчесто во пракса не се применува посебна истражна мерка само по еден основ, односно во повеќето случаи се оди на комбинирање на повеќе видови на посебни истражни мерки.

Така на пример во ОЈО ГОКК, во извештајниот период, од вкупно применети посебни истражни мерки во 19 случаи, во 17 случаи постои истовремена примена на повеќе истражни мерки со нивно заедничко и кординирано спроведување со цел да се приберат сите неопходни докази кои на друг начин не би можело да бидат прибавени. Во Основното јавно обвинителство Скопје, од вкупно 8 случаи во кои биле применувани посебни истражни мерки, во 6 случаи постои комбинирана примена на повеќе мерки истовремено.

## III.1. ПРЕГЛЕД НА ПРИМЕНА НА ПОСЕБНИТЕ ИСТРАЖНИ МЕРКИ ПО ВИД И ПО КРИВИЧНО ДЕЛО

1. **<u>Мерка од член 252 ст.1 т.1</u> (Следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон).**

Оваа мерка е применета во **вкупно 25 случаи, против 163 лица со утврден идентитет, како и против 5 лица со неутврден идентитет**.

Во 1 случај примената на мерката траела до 2 месеци, во 16 случаи до 4 месеци, во 1 случај мерката траела до 5 месеци, во 4 случаи до 8 месеци и во 3 случаи до 12 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебните истражни мерки:

- **во 10 случаи** предметите продолжиле со донесени наредби за спроведување на истражна постапка против вкупно 83 лица. Од нив, за 38 лица истрагата е во тек, а за 3 лица донесена е Наредба за прекин на истражната постапка. Врз основа на прибавените докази од оваа посебна истражна мерка која по својот интензитет најдлабоко задира во приватноста на лицата кон кои се применува, по завршување на истрагата за 23 лица се поднесени обвинителни акти, за 10 лица се донесени пресуди врз основа на предлог спогодба и за 1 лице е донесена првостепена пресуда.

- **во 2 случаи** мерките се реализирани и продолжуваат дејствија во предистражна постапка

- **во 5 случаи** мерката е во тек

- **во 8 случаи** мерката е запрена без да се обезбедат доволно докази.

Врз основа на прибавените докази од оваа посебна истражна мерка која по својот интензитет најдлабоко задира во приватноста на лицата кон кои се применува, поднесени се обвинителни акти против 23 лица, за 10 лица донесени се пресуди врз основа на предлог спогодба и за 1 лице веќе е донесена е првостепена пресуда во судска постапка.

Во однос на 2023 година кога имало вкупно 31 случај против 133 лица, во 2024 година кога имаме вкупно 25 случаи, постои намалување за 6 случаи, но постои зголемен опфат на лицата врз кои се применувала оваа мерка за околу 23%.

**Кривични дела за чие откривање е користена оваа мерка:**

- чл.123 од КЗ (Убиство)
- чл. 215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори)
- чл. 258 од КЗ (Изнуда)
- чл. 265 од КЗ (Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости)
- чл. 266 од КЗ (Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости)
- чл. 353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување)
- чл. 394 од КЗ (Злосторничко здружување)
- чл. 394-а од КЗ (Терористичка организација)
- чл. 396 од КЗ (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи)
- чл. 418-б од КЗ (Криумчарење на мигранти)

- чл. 418-в од КЗ (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти)
-чл. 273 од КЗ (Перење пари и други приноси од казниво дело)
-чл. 368 од КЗ  (Спречување на докажување)
-чл. 260 од КЗ (Лихварство)
-чл. 191 од КЗ (Посредување во вршење проституција)
-чл.418 а од КЗ (Трговија со луѓе)
-чл.264 од КЗ (Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости)
-чл.357 од КЗ (Примање поткуп)
-чл.358 од КЗ (Давање поткуп)
-чл.359 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание)
-чл.268 од КЗ (Фалсификување пари)
-чл.288 од КЗ (Предизвикување општа опасност)

2. **<u>Мерка од член 252 ст.1 т.2</u> (Следење и снимање во дом, затворен или заграден простор што му припаѓа на тој дом или деловен простор означен како приватен или во возило и влез во тие простории заради создавање на услови за следење на комуникации)**

Оваа мерка е применета **во вкупно 3 случаи, против 3 објекти – предмети** врз кои е применета мерката.

Во сите 3 случаи примената на мерката траела до 4 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на оваа посебна истражна мерка:

- **во 2 случаи**, по спроведување на мерката, се донесени наредби за спроведување истражна постапка кои опфаќаат вкупно 8 осомничени лица.

Од нив, за 4 лица истрагата е во тек, за 3 лица по спроведена истражна постапка е поднесено обвинение, а за 1 лице донесена е пресуда врз основа на предлог-спогодба.

- **во 1 случај** примената на посебната истражна мерка се уште е во тек.

Кај оваа мерка во однос на 2023 година кога е применета во 2 случаи против 2 објекти, имаме зголемување на случаите на примена.

**Кривични дела за чие откривање е користена оваа мерка:**

- чл.273 од КЗ (Перење пари и други приноси од казниво дело).
- чл.191 од КЗ (Посредување во вршење проституција).
-чл.359 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание).

3. **<u>Мерка од член 252 ст.1 т.3</u> (Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен).**

Оваа мерка е применета во вкупно **26 случаи против 149 лица со утврден идентитет и против 160 предмети** (објекти, патнички и товарни моторни возила, мотори и др.) врз кои се применувала мерката.

Во 1 случај мерката траела 1 месец, во 2 случаи траела до 2 месеци, во 15 случаи примената на мерката траела до 4 месеци, во 1 случај до 5 месеци, во 4 случаи до 8 месеци и во 3 случаи до 12 месеци.

Како резултат на доказите прибавени од примената на посебните истражни мерки:

**- во 10 случаи** се донесени Наредби за спроведување на истражна постапка, кои опфаќаат вкупно 83 лица. Од нив, за 44 лица истрагата е во тек, а за 3 лица донесена е Наредба за прекин на истражната постапка. По завршување на истрагата

за 23 лица се поднесени обвинителни акти, за 10 лица се донесени пресуди врз основа на предлог спогодба и за 1 лице е донесена првостепена пресуда.

- **во 1 случај** мерката е реализирана во рамките на заеднички истражен тим на Основното јавно обвинителство Скопје со косовското Специјално обвинителство и постапката против едно лице се води во Република Косово.

- **во 4 случаи** примената на посебната истражна мерка е во тек

- **во 3 случаи** мерките се реализирани и продолжуваат дејствија во предистражна постапка за обезбедување други докази

- **во останатите 8 случаи** постапката е запрена поради тоа што не биле обезбедени доволно докази.

Во однос на 2023 година кога мерката била применета во 34 случаи против 156 лица со утврден идентитет и 87 предмети, во извештајната година има намалување за 18% кај случаите. Опфатените лица со оваа мерка се во приближно ист број, додека кај предметите имаме зголемување за 73 предмети на кривично дело или за 83%.

**Кривични дела за чие откривање е користена оваа мерка:**

- чл.215 од КЗ (Неовластено производство, пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори).
- чл.253 од КЗ (Неовластено примање подароци).
- чл.265 од КЗ (Присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости)
- чл.266 од КЗ (Изнесување во странство на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости)
- чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување)
- чл.357 од КЗ (Примање поткуп)
-чл.273 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание)
- чл. 394 од КЗ (Злосторничко здружување)

- чл.394-а од КЗ (Терористичка организација)

- чл.394-б од КЗ (Тероризам)

- чл.396 од КЗ (Неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи)

- чл.418-а од КЗ (Трговија со луѓе)

- чл.418-б од КЗ (Криумчарење на мигранти)

- чл.418-в од КЗ (Организирање на група и поттикнување на извршување на делата трговија со луѓе, трговија со малолетно лице и криумчарење на мигранти)

- чл.268 од КЗ (Фалсификување пари)

- чл.258 од КЗ (Изнуда)

- чл.123 од КЗ (Убиство)

- чл.260 од КЗ (Лихварство)

- чл.191 од КЗ (Посредување во вршење проституција)

- чл.264 од КЗ (Оштетување или уништување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости)

- чл.358 од КЗ (Давање поткуп)

- чл.359 од КЗ (Примање награда за противзаконито влијание)

4. **<u>Мерката од чл.252 ст.1 т.4</u> (Таен увид и пребарување во компјутерски систем), не била применета во ниту еден случај.**

5. **<u>Мерката од чл.252 т.5</u> (Автоматско, или на друг начин, пребарување и споредување на лични податоци), не била применета во ниту еден случај.**

6. **<u>Мерка од член 252 ст.1 т.6</u> (Увид во остварени телефонски и други електронски комуникации)**

Оваа мерка е применета **во 1 случај** и со неа е опфатена една телефонска линија на лице со утврден идентитет. Во овој случај применaта траела 1 месец, и мерката е запрена бидејќи не биле обезбедени доволно докази.

Оваа мерка е применета заради постоење сомнение за вршење на кривично дело - Учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации по чл.322–а од КЗ.

7. **Мерка од член 252 ст.1 т.7 (Симулиран откуп на предмети)**

Оваа мерка применета е **во 3 случаи против 7 лица со утврден идентитет**.

Во сите 3 случаи постапката траела 4 месеци.

Како резултат на спроведување на мерката:

- **во 2 случаи** од прибавените докази биле донесени наредби за спроведување на постапка за 12 лица, а потоа за едно лице е донесена наредба за запирање на истражната постапка. По завршување на истражната постапка против 4 лица се поднесени обвинителни акти, а за 5 лица донесени се пресуди врз основа на предлог спогодба.

- **во еден случај** мерката е запрена поради немање доволно докази.

Во однос на 2023 година кога оваа мерка била применета во 8 случаи против 42 лица, во 2024 година има намалување и во бројот на случаи во кои се применила и во опфатот на лица.

**Кривични дела за чие откривање е користена оваа мерка:**

Оваа мерка е применета во 3 случаи заради постоење сомнение за извршено кривично дело од чл.215 од КЗ - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори.

8. **<u>Мерка од член 252 ст.1 т.8</u> (Симулирано давање и примање поткуп)**

Оваа мерка е применета **во 2 случаи против 9 лица со утврден идентитет и против едно лице со неутврден идентитет**.

Примената на мерката траела до 1 месец во еден случај и до 4 месеци во еден случај.

Врз основа на доказите прибрани со успешна примена на оваа мерка:

- **во овие два случаи** се донесени наредби за спроведување истражна постапка кои опфаќаат вкупно 19 лица. Од нив, по завршување на истражната постапка, за 15 лица е поднесен обвинителен акт, за 2 лица се поднесени обвинителни предлози, а само за 2 лица донесена е Наредба за запирање на истражната постапка.

Во 2023 година оваа мерка е применета во 2 случаи против 2 лица, додека во 2024 година бројот на случаи е ист, но имаме значително зголемување на опфатот на мерката според бројот на лица кон кои таа се применувала.

**Кривични дела за чие откривање е користена оваа мерка:**

- чл.353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување).
- чл.357 од КЗ (Примање поткуп).

9. **<u>Мерката од член 252 ст.1 т.9</u> (Контролирана испорака и превоз на лица и предмети).**

Оваа мерка е применета **во 2 случаи против 2 лица со утврден идентитет**.

Примената на мерката траела до 1 месец во двата случаи.

По спроведување на мерката:

- во **двата случаи** донесена е пресуда врз основа на предлог спогодби со осомничените.

За споредба, во 2023 година оваа мерка не била применета во ниту еден случај.

**Кривични дела за чие откривање е користена оваа мерка:**

Мерката била спроведена поради постоење на сомненија за сторено кривично дело Изнуда од чл.258 од КЗ и за кривично дело Уцена од чл.259 од КЗ.

10. <u>**Мерка од член 252 ст.1 т.10**</u> **(Користење на лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци и инфилтрирање во организирани криминални групи)**

Оваа мерка е применета **во 5 случаи и тоа против 47 лица со утврден идентитет и 1 лице со неутврден идентитет**.

Примената на оваа мерка во 3 случаи траела до 4 месеци, а во 2 случаи до 8 месеци.

Од 5-те случаи во кои е применувана оваа мерка:

- **во 4 случаи** врз основа на прибраните докази се донесени наредби за спроведување истражна постапка кои опфаќаат вкупно 62 лица. Од нив, за 32 лица истрагата е во тек, против 21 лице се поднесени обвинителни акти, за 2 лица – обвинителен предлог, а за 6 лица се донесени пресуди врз основа на предлог-спогодба.

- **само во еден случај** мерката е запрена, бидејќи не биле обезбедени доволно докази.

Во 2023 година оваа мерка била применета во 10 случаи против 82 лица со утврден идентитет.

**Кривични дела за чие откривање е користена оваа мерка:**

- чл. 215 од КЗ (Неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори)

- чл. 353 од КЗ (Злоупотреба на службената положба и овластување)

- чл. 357 (Примање поткуп)

- чл. 273 од КЗ (Перење пари и други приноси од казниво дело)

**11. <u>Мерката од член 252 ст.1 т.11</u> (Отварање симулирана банкарска сметка), не била применета во ниту еден случај.**

**12. <u>Мерката од член 252 ст.1 т.12</u> (Симулирано регистрирање на правни лица или користење на постојни правни лица за собирање на податоци), не била применета во ниту еден случај.**

## IV. ЗАКЛУЧОК

Ефикасноста на органите на кривичниот прогон во борбата против организираниот криминал и корупција се зголемува со примена на посебните истражни мерки.

Забележително е дека бројот на случаи во кои се применувале посебни истражни мерки во текот на 2024 година има значителен тренд на намалување во однос на 2023 година (35 случаи во однос на ланските 87 случаи), меѓутоа податоците за опфатот на лица и предмети покажуваат дека овој вид мерки и натаму се користат како исклучително важно средство за обезбедување докази.

Така, во текот на извештајната година, под опфат на посебни истражни мерки биле вкупно 363 лица со утврден идентитет, 8 лица со неутврден идентитет и 163 предмети на кривично дело.

**Вкрстувањето на податоците според бројот на случаи и бројот на опфатени лица и предмети недвосмислено укажува дека во извештајната 2024 година бил заземен посложен пристап за примена на посебните истражни мерки, со комбинирање на повеќе видови мерки во еден предмет и со опфат на повеќе лица и предмети со цел поефикасно обезбедување на доказите.**

Во најголем број случаи била користена мерката од член 252 ст.1 т.3 (Тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен), а веднаш потоа и мерката предвидена во член 252 ст.1 т.1 (Следење и снимање на телефонските и други електронски комуникации во постапка утврдена со посебен закон).

Забележително е дека посебните истражни мерки во најголем број на случаи се применувале за откривање на кривичните дела - неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и перкурзори, перење пари и други приноси од казниво дело, злоупотреба на службена должност и овластување, примање и давање поткуп, криумчарење мигранти, тероризам и терористичка организација, како и злосторничко здружување, што значи дека мерките **биле применети за откривање на сериозни и тешки облици на криминал, коруптивни кривични дела и за откривање на кривични дела и сторители за кои доказите тешко би можеле да бидат обезбедени на друг начин.**

Во најголем дел од случаите иницијативата за примена на посебни истражи мерки потекнала од Министерството за внатрешни работи, меѓутоа за одбележување е фактот дека во 2 случаи јавното обвинителство применувало посебни истражни мерки по сопствена иницијатива. Во однос на претходната 2023 година, ова покажува дека постои тренд на постепено зголемување на примената на посебните истражни мерки по сопствена иницијатива од страна на обвинителствата.

Неопходно е да се истакне примената на посебните истражни мерки во 2024 година **били ефикасна,** времетраењето на нивната примена е намалено и најголем број случаи мерките завршиле со понатамошни постапки - отворање истраги и подигнување обвиненија.

Од примената на посебните истражни мерки за јавното обвинителство не произлегуваат финансиски импликации, односно **обвинителството нема увид во**

**финансиските импликации што ги предизвикува примената на посебните истражни мерки**, имајќи предвид дека мерките ги спроведува Министерството за внатрешни работи и тоа до обвинителството не доставува извештај за трошоците произлезени од примената на овие мерки.

Мерките се применувани само во ситуации во кои не може со конвенционални методи да се прибават квалитетни докази за кривичен прогон. Без вакви мерки, особено борбата против сложените облици на криминал, а особено против организираниот криминал и корупцијата би била недоволно ефикасна.

Потребата од овој вид на мерки за обезбедување на докази, се потврдува и со фактот што значителен број истраги во кои биле користени, завршиле со покренување обвиненија и осудителни пресуди, од кои во голем дел од случаите со прифаќање на вината од страна на сторителите за кривичните дела.

Сепак, **повеќегодишната примена на истите посебни истражни мерки, од една страна, но и современиот забрзан развој на средствата за комуникации и промената на начините на кои сторителите се обидуваат да го прикријат сторувањето на кривичните дела, од друга страна, наметнуваат потреба од постојано унапредување на можностите и на системите за примена на посебни истражни мерки како средство за ефикасна борба против криминалот.**

**ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Љупчо Коцевски**